**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Александар Чамовски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Струмица и Радовиш**
**ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3**
**тел. 034/609-400**

**Образец бр.66**

**И.бр. 1600/2024**

Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Комерцијална Банка АД Скопје од Скопје со седиште на ул.Васил Иљоски бр.3 Скопје, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.2025/18 од 26.12.2018 година на Нотар Јанко Милушев, против должниците Земјоделска задруга Амбасадор ОО увоз-извоз с.Ангелци од Василево со седиште на с.Ангелци бр.126, и Илчо Костадинов од Струмица со живеалиште на с.Ангелци бр.129, за спроведување на извршување во вредност парично побарување на ден 24.03.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-КП.бр.2052, дел 2, место викано СЕЛО, катастарска култура гз, гиз, во површина од 146 м2, сопственост, КО АНГЕЛЦИ

-КП.бр.2052, дел 2, место викано СЕЛО, катастарска култура гз, зпз 1, во површина од 156 м2, сопственост, КО АНГЕЛЦИ

-КП.бр.2052, дел 2, адреса СЕЛО, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда Б1-5, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина од 147 м2, сопственост, КО АНГЕЛЦИ

-КП.бр.2052, дел 2, адреса СЕЛО, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда Б1-5, влез 2, кат МА, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина од 145 м2, сопственост, КО АНГЕЛЦИ

-КП.бр.2052, дел 2, адреса СЕЛО, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда Б1-5, влез 2, кат МА, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина од 12 м2, сопственост, КО АНГЕЛЦИ

-КП.бр.2052, дел 2, адреса СЕЛО, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда Б1-5, влез 2, кат МА, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина од 11 м2, сопственост, КО АНГЕЛЦИ

запишана во имотен лист бр.916 КО АНГЕЛЦИ при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Струмица, која се наоѓа во сопственост на должникот Земјоделска задруга Амбасадор ОО увоз-извоз с.Ангелци Василево;

Продажбата ќе се одржи на ден 21.04.2026 година во 12,00 часот во просториите на Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3 Струмица.

Почетната вредност на целокупната недвижност, утврдена со заклучок за утврдување на вредност на недвижност на Извршителот Александар Чамовски од Струмица од 24.02.2025 година, изнесува 3.244.412,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености

-Потврда (Солемнизација) на Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа ОДУ.бр.2025/18 од 26.12.2018 година на Нотар Јанко Милушев од Струмица.

-Налог за извршување И.бр.206/19 од 26.10.2020 година на Извршител Петре Темелков од Радовиш.

-Налог за извршување врз недвижност И.бр.647/2021 од 17.02.2022 година на Извршител Милена Манолева од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.647/2021 од 17.02.2022 година на Извршител Милена Манолева од Струмица

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.793/19 од 12.04.2022 година на Извршител Петре Темелков од Радовиш.

-Налог за извршување врз недвижност И.бр.568/2022 од 12.08.2022 година на Извршител Саветка Георгиева од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.1011/2020 од 04.11.2022 година на Извршител Саветка Георгиева од Струмица

-Налог за извршување врз недвижност И.бр.310/2021 од 17.11.2022 година на Извршител Љопче Димитковска од Струмица.

-Налог за извршување врз недвижност (врз основа на чл.166 од ЗИ) И.бр.1600/2024 од 06.09.2024 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000248209 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027020507180.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Александар Чамовски